# Pfizer 2022

# Методолошка белешка со Извештајот за објавување на Пренос на Вредностите во 2021 година

## Pfizer Северна Македонија[1]

[1] Компанијата Pfizer не е локално присутна (како трговско друштво, подружница или претставништво) во Северна Македонија. Правното лице базирано во Холандија – Pfizer Export B.V., е член на Асоцијацијата на претставници на странски производители на иновативни лекови FARMABREND NOVA Скопје, кое е член на Европската федерација на фармацевтската индустрија и нејзиното Здружение на иновативни производители на лекови (EFPIA). Затоа, обврската за почитување на кодексот на FARMABREND NOVA Скопје се однесува и на Pfizer.

1. **ВОВЕД – ПОСВЕТЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА PFIZER НА ТРАНСПАРЕНТНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ......3**

2. **КАТЕГОРИИ НА ПРЕНОС НА ВРЕДНОСТИ ........................................................................3**

3. **EFPIA ДЕФИНИЦИИ ..................................................................................................................6**

4. **РАМКА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ .........................................................** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

5. **ОБЈАВУВАЊЕ..........................................................................................................................9**

## 1. Вовед – Посветеност на компанијата Pfizer на транспарентното известување

Ние редовно соработуваме со здравствените работници (ЗР) и со здравствените организации (ЗО) кои нè советуваат за мноштвото теми како што се развој на лекови, улога на лекот во текот на лекувањето на пациентот; здравствената економија и најдобрите клинички практики. Овие работни односи се неопходни за добивање на информации за вистинскиот свет кои ни се потребни за да обезбедиме терапевтски избори кои го подобруваат здравјето на пациентите и да споделуваат информации што можат да бидат релевантни за клиничкото одлучување.

Ние сме посветени на принципот на транспарентност во однос на тоа како работиме како компанија и во поглед на односот што го имаме со ЗР и ЗО. Споделувањето на информации за овие односи на директен и отворен начин, се надеваме дека ќе помогне да се објаснат клучните вредности што ги имаат овие односи во лекувањето на пациентите.

Ние веруваме дека транспарентноста е неопходна за да се изгради и одржи довербата во нас и нашите лекови и силно ја поддржуваме работата која ја извршува Европската федерација на фармацевтски индустрии и асоцијации (EFPIA) за зголемување на транспарентноста во целата фармацевтска индустрија.

Оваа методолошка белешка претставува некои од клучните аспекти на начинот на кој се категоризираат трансферите на вредностите и форматот во кој се објавуваат.

## 2. Категории на Пренос на Вредности

Во следната табела се дефинира кои активности се пријавуваат во која EFPIA категорија и подкатегорија.

| EFPIA категорија | EFPIA подкатегорија | Примери за активности |
|---|---|---|
| Донации и стипендии (само ЗО) | не е применливо | • Добротворни прилози<br>• Работни донации<br>• Стипендии за образование (на пр. стипендии за постдипломски студии и научен труд, курсеви кои ги организира некоја ЗО при кои Pfizer не избира поединечно ЗР кои ќе учествуваат на нив)<br>• Спонзорства на предавачи/факултети кои по својата цел и финансирање се класифицираат како стипендии за образование |

| | | |
|---|---|---|
| Придонес за трошоци за манифестации | Договори за спонзорирање (само ЗО) | • Поставување на логотипови на трговска марка на програмата на конференцијата или на дописот за повикување во замена за поддршка на програмата<br>• Финансирање на манифестација во замена за изложбен штанд<br>• Финансирање на манифестација во замена за рекламен простор<br>• Друг рекламен простор (на хартија, електронски или во некој друг формат)<br>• Сателитски симпозиуми на конгресот<br>• Ако е дел од пакетот: значки со имиња, напитоци, оброци итн. кои ги обезбедуваат организаторите (вклучено во договорот за спонзорство)<br>• Која било друга активност која се квалификува како „корпоративно спонзорство“ според антикорупциските политики на компанијата Pfizer<br>• Спонзорирање на предавачи / факултети и спонзорирање на курсеви организирани од ЗО и кои се квалификуваат како „корпоративно спонзорство“според антикорупциските политики на компанијата Pfizer<br>• За прилозите кои се даваат за манифестации преку професионалните организатори на конференцијата (ПОК): преносни вредности (ПВ) преку ПОК се пријавуваат на следниот начин:<br>или на име на здравствената организација (ЗО)<br>или на име на професионалниот организатор на конференцијата (ПОК) – приматeл |
| | Котизации | • Котизации платени ЗР/ЗО за присуствување на манифестации кои не ги организира Pfizer |
| | Патување & сместување | • Патување (на пр. авион, воз, такси, рентакар, патарини, рефундирање на помината километража, паркинг, заеднички копнен транспорт)<br>• Сместување<br>• Виза |
| Надомест за услуги и консултантски услуги | Надоместоци | • Ангажмани на педавачи<br>• Советодавни одбори*<br>• Ангажмани во врска со студии<br>• Практики |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Студии за следење на безбедноста по пуштање на лекот на пазарот<br>• Неинтервентни студии кои имаат ретроспективна природа<br>• Научни трудови од областа на медицината<br>• Анализа на податоци<br>• Развој на образовни материјали<br>• Општи консултантски услуги / советување<br>• Обука на предавачите ако е поврзана со ангажманот<br>• Која било друга активност која се квалификува како општи консултантски услуги според антикорупциската политика на компанијата Pfizer |
| | Поврзани трошоци | • Патување (на пр. авион, воз, такси, рентакар, патарини, рефундирање на помината километража, паркинг)<br>• Сместување<br>• Виза |
| Преносни вредности во врска со Истражување и развој | не е применливо | • Клинички испитувања<br>• Комитети за надзор на податоци поврзани со студии<br>• Неинтервентни студии кои имаат ретроспективна природа<br>• Истражувања на иницијатива на истражувачи (III)<br>• Клиничка & истражувачка соработка |

* со исклучок на Комитетите за следење на податоците поврзани со студиите кои се објавуваат групно под ставката Истражување & развој

## 3. EFPIA Дефиниции

**ЗР**: подразбира секое физичко лице кое е припадник на медицинска, стоматолошка, фармацевтска или медицинска професија или кое било друго лице, кое во текот на своите професионални активности, може да препише, купи, набави или да препорача медицински производи и чија главна адреса на примарна професионална пракса или местото на основање е во Европа.
За потребите на овој Кодекс, дефиницијата здравствен работник вклучува: (i) секој функционер или вработен во органите на државната власт или другите организации (било во јавниот или приватниот сектор) кој може да препишува, купува, набавува или издава лекови и (ii) секое лице вработено во Компанијата членка чија основна дејност е дејност на ЗР, но ги исклучува (X) сите останати вработени во Компаниите членки и (y) кај трговците на големо или дистрибутерите на медицински производи.

**ЗО:** означува секое правно лице (i) кое дејствува како здравствено, медицинско или научно здружение или организација (без оглед на правната или организациската форма), како што се болници, клиники, фондации, универзитети или други наставни институции или академски федерации (освен организации на пациенти во рамките на член 21) чија деловна адреса, место на основање или примарна работа е во Европа или (ii) преку кое еден или повеќе ЗР ги обезбедуваат своите услуги.

**Опфатен прималел:** Секој ЗР, ЗО или ОП, во зависност од случајот, чие примарно место на работење, деловна адреса или место на основање се наоѓа во Северна Македонија

**Организации на пациенти (ОП) и Групи за застапување на пациенти (ГЗП):** означува непрофитно правно лице/субјект (вклучувајќи ја и покривната организација на која ѝ припаѓа), воглавно составени од пациенти и/или негователи, кое ги застапува и/или поддржува потребите на пациентите и/или негователите, а чија деловна адреса, место на основање или примарно место на работење, се наоѓа во Северна Македонија.

**ПВ**: Пренос на вредности: Директен и индиректен ПВ, било во готовина, натура или на друг начин, извршени, било во промотивни или други цели, во врска со развојот и продажбата на лекови кои се издаваат на рецепт исклучиво за човекова употреба. Директни ПВ се оние кои ги извршува директно компанијата членка во корист на Примателот. Индиректни ПВ се оние кои се извршуваат во име на компанијата членка во корист на Примателот, или оние кои се извршуваат преку трето лице, и тоа таму каде што Компанијата членка го познава или може да го идентификува Примателот кој има корист од Преносот на вредности.

## 4. Рамка за објавување

Овој извештај содржи пренос на вредностите обработени од страна на правни лица во Северна Македонија за време на периодот за известување за 2021 година. Извештајот може да содржи и преноси на вредностите кои ги иницира Pfizer Upjohn во истиот период.

**Датум на ПВ:** Извештајот за објавување содржи трансакции со датумот кој спаѓа во периодот на известување кој се објавува.

**Датум кој се пријавува:** датуми кои треба да се имаат предвид за извештаите за објавување се:

**Готовински ПВ** – датумот на порамнување е датумот што се пријавува

**ПВ во натура** – датум на завршување на состанокот или манифестацијата е датумот што се пријавува

**Пренос на вредности (ПВ) во случај на неприсуствување или откажување:**

- Надоместите за откажување не се пријавуваат

- Отсуството не се пријавува доколку Pfizer не може да потврди дека е примена корист во натура

**Повеќегодишни договори:** Доколку договорите имаат важност за период од повеќе од година дена, секој поединечен пренос на вредностите (ПВ) се вклучува и објавува во соодветен период кој го опфаќа извештајот

**Согласност за објавување и правна основа на GDPR (Општа уредба за заштита на личните податоци) за објавување на пренос на вредностите кои се однесуваат на поединци:** Во зависност од јурисдикцијата, Pfizer објавува пренос на вредностите (ПВ) или врз основа на (i) законски обврски; (ii) легитимен интерес; (iii) согласност на здравствените работници (ЗР) и (здравствените организации (ЗО), таму каде што е тоа случај врз основа на законите на државата) за објавување на ПВ извршен кај нив.

Во сите случаи, ЕЕА белешката на Pfizer за заштита на приватност на ЗР им се доставува на поединците и достапна е на оние веб сајтови кои се под наша контрола на кои се објавуваат преносите на вредностите (ПВ). Ние напорно работиме за да се залагаме за транспарентност и за да ги објасниме нејзините придобивки за општеството.

Сè додека правната основа е сè уште во сила (односно кога, во зависност од земјата, нема никакви промени во поглед на обемот за законската обврска, не е повлечена никаква

согласност или поединецот немал забелешки за легитимниот интерес на Pfizer), збирот на сите преноси на вредности (ПВ) на тој здравствен работник (ЗР) или здравствена организација (ЗО) за време на периодот опфатен во извештајот се објавува под нивното име.

На пазарите каде е неопходна согласност за објавување на ПВ под име на примателот, доколку опфатениот примател не дал согласност, ПВ се објавуваат во збирниот оддел на извештајот. Тоа значи дека преносот на вредностите не се објавува под името на ЗР (или ЗО на пазарите каде важи правилото за согласност на ЗО), туку како дел од збирот на сите преноси на вредностите.

**Известување за прекуграничните преноси на вредности – ПВ од страна на правните лица на Pfizer во други земји:** Овој извештај вклучува преноси на вредностите (ПВ) на здравствените работници (ЗР) и здравствените организации (ЗО) кои работат во државата на која се однесува извештајот за објавување. Тоа ги вклучува сите преноси на вредностите (ПВ) (директни и индиректни) кои ги извршила која било филијала на Pfizer во европските земји вклучени во EFPIA кодексот на објавување. За државите кои не се вклучени во EFPIA, Pfizer ќе ги преземе сите напори за да ги собере и објави директните преноси на вредностите (ПВ) извршени од страна на поврзаните лица со Pfizer.

**Валута:** Преносите на вредностите (ПВ) во извештаите се искажуваат во локалната валута. Преносите на вредностите (ПВ) извршени во некоја друга валута се конвентирани во локалната валута пред објавување на извештајот. Стандардните девизни курсеви на Pfizer се применети на преносот на вредностите (ПВ) на денот на плаќањето.

**Јазик на објавувањето:** Извештаите за објавување ќе бидат објавени на јазикот што го бара кодексот на локалното трговско здружение / закон.

**Опфатеност ОП/ ГЗП во извештаите за објавување**: ОП/ ГЗП ќе бидат опфатени во извештаите за објавување само доколку се во рамките на известувањата што ги бараат државните закони.

**Данок на додадена вредност (ДДВ):** Третманот со ДДВ зависи од преносот на вредностите (ПВ):

Каде што е возможно плаќање во натура, поврзаните ПВ се пријавуваат **со пресметан данок**

Каде што е возможно директно плаќање, ПВ се пријавуваат **со пресметан данок**

## 5. Објавување

**Објавување/Повторно објавување**: Pfizer ќе ги објави извештаите за транспарентност во објавувањето во согласност со државните рокови кои се дадени од трговското здружение или владата. Повторното објавување се врши ако и кога е тоа неопходно во согласност со локалните закони.